# Известување за измени во Правилникот за полагање на испитот за стекнување звање ревизор

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) воведе измени во *Правилникот за начинот и постапката за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор*, а со цел воведување промени на постоечкиот начин на спроведување на постапката за полагање на испитот за стекнување звање ревизор, модернизирање на истата во поглед на административни олеснувања за кандидатите, воведување на повеќе испитни сесии во текот на една година, пријавувањето и одложувањето на испитите од страна на кандидатите и постојните административни постапки поврзани со располагањето на уплатените средства за испит на кандидатите. Дополнително горенаведеното претставува можност кандидатите побрзо да го завршат испитот за стекнување звање ревизор.

Главните измени на Правилникот се следните:

1. Новите кандидати ќе можат да доставуваат барања за полагање на испит преку цела година, а не само по објавен повик/оглас.

   Сите заинтересирани кандидати кои за прв пат се пријавуваат за полагање на испитот, треба да го достават следното:

   - Барање за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор, кое што е објавено на веб страната на ИОРРСМ во делот Испити, а е пропишано од СУНРРСМ.
   - Пропратните документи наведени во барањето за полагање на испитот за стекнување звање ревизор (во оригинал или копија заверена на нотар).

2. Се воведува можност за спроведување на четврта испитна сесија, односно втора вонредна испитна сесија, што ќе се применува од 2026 година. На почетокот на годината, ИОРРСМ објавува распоред на испитни сесии за годината.

3. Се воведува редовно пријавување и задоцнето пријавување на испити, како и нови правила за одложување на пријавените испити.

   **Редовно пријавување** се однесува на пријавување на испити во предвидениот рок во повикот за пријавување.

   Кандидатот кој испитот го пријавил во предвидениот рок, до Комисијата може да достави писмено барање за одложување на испит, не подоцна од 10 дена пред денот определен за полагање на испитот. Во тој случај кандидатот уплатените средства може да ги искористи за полагање на испит во следните две последователни испитни сесии. Во спротивно средствата ги задржува Институтот и истите не се враќаат.

   **Задоцнето пријавување** се однесува на пријавување на испити по истекот на предвидениот рок во објавата, но не подоцна од 10 дена пред датумот определен за полагање на испитот што го пријавува. Во тој случај, кандидатот плаќа повисок износ на надоместок за испитот од

надиместокот за редовно пријавување на испит, согласно *Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРСМ*.

Кандидатот кој испитот го пријавил по предвидениот рок, нема право на одложување на испит. Доколку кандидатот не се јави на испитот за кој што бил пријавен, нема право на пренесување на уплатените средства.

4. Се воведува рок за завршување на испитот за период од 10 години. Дополнително предвидените се преодни одредби како што следи:

   - Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор **по 01.01.2019 година**, треба да завршат во рок од 10 (десет) години од датумот на кој што на кандидатот му било одобрено барањето за полагање на испитот за стекнување звање ревизор од страна на ИОРРСМ.

   - Започнатите постапки за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор **пред 01.01.2019 година**, треба да го завршат во рок од 5 (пет) години од датумот на примена на измените на Правилникот (26.03.2025 година).
   - Кандидатите кои што имаат неискористени уплатени средства за полагање на испитот пред датумот на примена на овој Правилник, истите можат да ги искористат за полагање на испит во следните две последователни испитни сесии од датумот на примена на измените на Правилникот (26.03.2025 година). Во спротивно средствата ги задржува Институтот и истите не се враќаат на кандидатот.

Подетални информации може да се добијат на тел. 02 3227 599, 072 268 068 и на веб страната на ИОРРСМ www.iorrm.org.mk.